РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-18/9
14.01.2025 година
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

**од двесте дваесет и седма седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители**
**одржана на 30 декември 2024 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 30 декември 2024 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте дваесет и седмата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: Бесник Авдија, претседател на УО и претседател на Основен граѓански суд Скопје, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје, Душица Димитриеска, член на УО и претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, м-р Башким Бесими, член на УО и член на Советот на јавни обвинители на РСМ, Златко Биковски, член на УО и јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, м-р Антоанета Димовска, член на УО и член на Судски совет на РСМ, д-р Али Алиу, член на УО и судија на Апелационен суд Гостивар и онлајн присуствуваше и Радица Лазареска Геровска, кабинетски службеник за правна поддршка на министерот за правда на РСМ.

На седницата не присуствуваше Беса Адеми, член на УО и претседател на Врховниот суд на РСМ, која пред почетокот на седницата извести дека поради итни и неодложни обврски во Врховниот суд на РСМ мора да замине, додека нејзиниот заменик член од оправдани причини не може да дојде бидејќи е хоспитализиран, за што достави писмен доказ.

На седницата присуствуваше и директорката на АСЈО, јавен обвинител Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија, го констатираше присуството на осум членови на Управниот одбор и отсуството на еден горенаведен член на Управниот одбор, по што беше утврдено дека има кворум за работа на седницата. Претседателот на Управниот одбор го

прочита предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Донесување на Деловник за работа на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Утврдување на општа програма за контиунуирана обука за судии и јавни обвинители и специјализирана програма за доброволна континуираната обука 2025/2026.
3. Утврдување на специјализирана програма за обука на судии поротници.
4. Утврдување на каталогот за обуки за 2025 година.
5. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители.
6. Запознавање со временска динамика за текот на Завршниот испит за 8-та генерација на слушатели.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски кој предложи да се направи измена во редоследот на точките имајќи ја во предвид важноста на некои од нив, па во таа насока предложои предлог Деловникот за работа на Управниот одбор на Академијата да остане прва точка, а по него точка 2 да биде точката 5 која се однесува на донесување на одлука за објавување на оглас за избор на заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители, па потоа да остане редоследот како што е по ред, односно точката 2 да биде точка 3, точката 3 биде точка 4, точката 4 да биде 5 и точката 6 да си остане точка 6.

Претседателот на УО, го стави предлогот на гласање. Откако беше едно гласно усвоен, седницата продожи по следниот Дневен ред:

1. Донесување на Деловник за работа на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители.
3. Утврдување на општа програма за контиунуирана обука за судии и јавни обвинители и специјализирана програма за доброволна континуираната обука 2025/2026.
4. Утврдување на специјализирана програма за обука на судии поротници.
5. Утврдување на каталогот за обуки за 2025 година.
6. Запознавање со временска динамика за текот на Завршниот испит за 8-та генерација на слушатели.

**Првата точка** на дневен ред беше на донесување на Деловник за работа на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на предлог Деловникот.

За збор се јави јавниот обвинитиел Спасенка Андонова, посочи дека има техничка грешка во членот 2 од предлог Деловникот, така што по зборовите „најмалку 20% од граѓаните", зборовите „и неговото кирилско писмо" да се избришат, и понатаму да остане исто. Со забелешката се сложија сите присутни членови, по што констатираа дека се работи за техничка грешка.

Понатаму за збор се јави и јавниот обвинител Златко Биковски кој започна со произнесување на неговите предлози за подобрување на текстот на предлог деловникот. Збор побара судија д-р Али Алиу кој даде предлог, доколку членовите на УО немаат некои суштински забечешки, да го донесат таков каков што е, а во насока на почитување на одредбата од членот 10 став 4 од Статутот на Академијата, која вели дека Управниот одбор на Академијата на првата седница по конститутивната седница донесува свој Деловник за работа. Истакна дека дополнително, членовите на УО писмено би ги поизнеле своите забелешки на Деловникот кои би биле во насока на подобрување на квалитетот на текстот на Деловникот, по што истите би ги вметнале во Деловникот во постапка за негово изменување и дополнување. Членовите на УО прашаа дали има важечки Деловник од претходниот УО кој би бил применлив до донесување на нов Деловник, на што Сања Пандилов, државен советник во АСЈО, им објасни дека претходниот УО не донесе нов Деловник и дека важечки е Деловникот на Управниот одбор на Академијата од 2018 година, а со оглед на тоа дека во јуни 2023 година се донесе нов Закон за АСЈО, истиот не е применлив во целост, а ниту е прилагоден на новиот Закон. Сите членови се согласија дека Предлог деловникот е добар и применлив во целост дека дадените предлози само го подобруваат текстот, но не ја менуваат суштината, па одлучија да го донесат како што беше предложен само со извршена исправка на техничката грешка, а по добивање на писмени предлози од сите членови на некоја од наредните седници да се направи негова измена и дополнување. Претседателот на УО, судијата Бесник Авдија го стави Предлог деловникот на гласање и истиот беше едногласно донесен.

Се премина кон разгледување на **втората точка** на дневен ред, која гласеше донесување на одлука за објавување на оглас за избор на заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор и даде збор на директорката на Академијата, која појасни дека мандатот на заменик директорот на Академијата е до 1 април 2025 година, а согласно Законот за АСЈО, три месеци пред истекот на мандатот, УО треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители, па потоа одлуката во прилог на барањето да се достави до Министерството за финансии на РСМ, заради добивање на согласност за обезбедени финансиски средства за местото заменик директор, иако не станува збор за ново работно место. Таа појасни дека по добивање на согласноста од Министерството за финансии на

РСМ, ќе може да биде објавен огласот согласно Законот за АСЈО, на веб страницата на АСЈО, во Службен весник на РСМ и најмалку два дневни весника, од кои еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик и еден од весниците кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот јазик. Претседателот го стави предлогот за донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на заменик на директор на Академијата за судии и јавни обвинители на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

**Третата точка** на дневен ред се однесуваше на Утврдување на општа програма за контиунуирана обука за судии и јавни обвинители и специјализирана програма за доброволна континуираната обука 2025/2026 година. Претседателот на УО, отвори расправа по однос на точката, по што јавниот обвинител Спасенка Андонова се јави за збор и објасни дека има неколку забелешки по однос на начинот како се концепирани темите, конкретно во делот истражна и предистражна постапка, предвидена е тема која се однесува на ПИМ за обезбедување на докази во организирани криминални групи, истакна дека ПИМ се користи исто така и во постаки кои не се однесуваат на организирани криминални групи, чисто за да се направи една поголема ширина во поглед на темата и целните групи. Со предлогот се сложија и останатите членови на УО, по што таа продолжи со следната забелешка која се однесуваше на темата „Злоупотреба на мерката притвор", истакнувајќи дека терминот „Злоупотреба" е несоодветен и дека добро би било да се преправи во „Употреба" или „Правилна употреба".

За збор се јави директорката на Академијата и појасни дека оваа тема е ставена по забелешки на Советот на Европа по однос на употребата на мерката притвор во РСМ, односно големиот број на изречени мерки притвор во државата, по што Советот на Европа во соработка со АСЈО, спроведе анализа. Појасни дека по спроведената анализа, формирана е работна група со цел да се преземат мерки преку обуки да се постигне правилна примена на мерката притвор согласно член 5 од ЕСЧП. Заеднички се сложија дека подобро би било темата да гласи „Употреба на мерката притвор соглсно членот 5 од ЕСЧП", а преку обуките да се постигне нејзина правилна употреба само за случаеви кога е неопходно.

Понатаму јавниот обвинител Спасенка Андонова истакна дека смета дека во темата „Измама и разграничување на ова кривчно дело кое произлегува од нарушено владение", има техничка грешка и според неа треба да гласи „Измама и разграничување на ова кривчно дело кое произлегува од граѓанско правен однос". Со забелешката се согласија и останатите членови на УО. Исто така таа истакна дека во поглед на темата „Етика и етички и морални дилеми", се предвидени обуки само за судии, недостасуваат како целна група јавните обвинители. По оваа забелешка, претседателот на УО, предложи доколку се сложат останатите членови на УО, во програмата и во Каталогот со обуки, како целна група да се додадат и јавни

обвинители. За збор се јави директорката на АСЈО, која согласно Законот за АСЈО раководи со Програмскиот совет, со цел да даде подетално објаснување по однос на самата Програма и Каталогот за обуки. Истата истакна, дека оваа година Програмскиот совет и вработените на АСЈО, работејќи на Програмите, одлучија малку да ги изменат истите и како што може да се види, дека сега се поделени на Модули и теми, а секоја тема има и подтеми. Исто така директорката на Академијата истакна дека голем број на теми и предлози беа дадени од судии и јавни обвинители кои лично дојдоа и ги побараа истите. Во однос на темата Етика и интегритет, таа појасни дека согласно Планот за раст и развој, задолжена е АСЈО, да изготви курикулум и да реализира обуки за судиите, за што веќе е отпочнат проект со МАТРА. Во рамки на Проектот договрени се тркалезни маси, средби со судиите од сите апелациони подрачја и согласно предлозите на судиите и разговорите со нив, ќе се детектираат потребите и ќе се развие Курикулум, согласно кој потоа ќе се предвидат обуки на теми поврзани со етиката, етички илеми и интегритетот, па на тие обуки како целни групи ќе се вклучат и јавните обвинители. По однос на Општата програма и дефинираните теми од граѓанска област забелешки имаа двајцата членови на УО, судијата д-р Али Алиу и судијата Антоанета Димовска, член на Судскиот совет на РСМ, потенцирајќи дека има уште неколку ситни технички грешки конкретно кај темите: „Неправилности во постапките за извршување ППНИ", подобро би било да биде „Незаконитости во постапките за извршување ППНИ", додека кај темата „Транспарентност на јавната расправа...", да биде согласно законскиот текст „Јавност на главната расправа....".

Откако горенаведените членови на УО кои се јавија за збор и ги дадоа своите забелешки и предлози, претседателот на УО ги праша останатите дали се сложуваат со забелешките, и откако сите беа ЗА да се направат предложените корекции, ја стави Општата програма за контиунуирана обука за судии и јавни обвинители и специјализирана програма за доброволна континуиранаta обука 2025/2026, како таква на гласање, по што истата беше едногласно утврдена.

По утврдуваерто на Општата програма за контиунуирана обука за судии и јавни обвинители и специјализирана програма за доброволна континуираната обука 2025/2026, директорката на АСЈО, го истакна и проблемот со кој се соочува Академијата, по однос на посетеност на обуки, односно пријавување на сидиите и јавните обвинители и нивно непојавување на денот на обуката, за што Академијата има сериозни забелешки од проектите со кои во соработка и со финансиска поддршка се реализирани обуките.

Претседателот на УО отвори расправа по однос на **четвртата точка** која се однесуваше на Утврдување на специјализирана програма за обука на судии поротници. Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, ја стави на гласање

Специјализираната програма за обука на судии поротници за 2025 година и истата беше едногласно беше утврдена.

Следна точка на дневен ред беше **петтата** точка, утврдување на Каталогот за обуки за 2025 година. За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски со предлог, во Каталогот да се направат корекции на темите аналогно на утврдената Општа програма за доброволна континуираната обука 2025/2026, како во поглед на темите така и на целните групи, со што се согласија и останатите членови на УО. Веднаш по тоа претседателот го стави на гласање предлог Каталогот со наведените корекции од општата програма, па откако едногласно го изгласаа, констатира дека е утврден Каталогот за обуки за 2025 година.

Повторно се јави директорката на Академијата за збор и објасни дека во Каталогот на крајот има напомена, дека на обуките со проектите каде ќе се пријават учесниците и нема да известат навремено дека нема да дојдат на обуката, со цел да се најде замена, самите ќе ги сносат трошоците за обуките. Воедно потенцираше дека тоа се однесува за надминување на проблемот кој го истакна во рамки на претходната точка.

Пред да се премине на следната точка, челнот на УО Башким Бесими, се јави за збор и истакна дека од лични причини се повлекува и нема да учествува во работата на УО во рамки на следната точка. Со оглед на тоа што беше последна точка тој ја напушти седницата.

Веднаш потоа се премина кон **шестата точка** од дневен ред, Запознавање со временска динамика за текот на завршниот испит за 8-та генерација на слушатели, по што претседателот на УО и даде збор на директорката да извести за постапката за завршниот испит, во која фаза се наоѓа. Директорката ги извести сите членови, дека Завршната комисија, ги спроведе сите фази од испитот: писмен дел, симулации и усен дел, истакна дека објавени се резултатите и во тек се роковите за поднесување на приговор. Исто така, укажа дека во петок, на 03.01.2025 година, Завршната комисија на седница ќе одлучува по приговорите, а потоа течат роковите за жалби, по кои одлучува УО. За збор се јави членот Спасенка Андонова, со барање навремено да бидат известени од кои кандидате има приговори, од причина да не се најдат во состојба на судир на интерес да одлучуваат по жалба на кандидат на кој му биле ментор во рамки на практичната настава, пред да станат членови на УО. Директорката потврди дека навремено ќе бидат известени за имињата пред да се достават жалбите, а исто така и објасни дека конечните листи до двата Совети ќе бидат доставени, дури откако Комисијата за Ревизија ги прегледа сите делови од испитите и достави Извештај за спроведената ревизија до УО.

Со оглед на тоа дека немаше понатамошна дискусија и предлози, претседателот на Управниот одбор ја затвори 227-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор,
**Претседател на Основен граѓански суд Скопје**
Судија Besnik Avdija

_______________________

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси